ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 21-2995/4
19.12.2008 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

**Од Состанок на Комисијата за јавни набавки за спроведување на постапка за набавка со преговарање без претходно објавување оглас одржана на 19.12.2008 година**

Комисијата за јавни набавки во полн состав: Ратко Савовски-претседател, Ана Џорџевиќ-член, Горан Мицевски-член; се состана согласно Решенијата бр. 2995/1, за спроведување на постапка за набавка со преговарање без претходно објавување на јавен оглас со:

-авторот на наградениот конкурсен труд заведен под деловоден бр. 08-2709/1, Валентина Стевановска од Скопје од Конкурсот бр. 08/08 објавен во јавните гласила Време и Дневник на ден 01.08.2008 година, за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје – скулптура на „Воин";

**Извештај од постапката со преговарање со Валентина Стевановска авторот на наградениот конкурсен труд за изработка на Идеен проект за подигање на спомен обележје-споменик на „Воин"**

Комисијата за јавни набавки врз основа на добиениот извештај од надворешната стручна Комисија во врска со понудата на авторот Валентина Стевановска од Скопје за изведба на спомен обележје-споменик на „Воин", констатира дека авторот од почетна понуда во износ од 1.597.250,00 евра ја намали на 1.535.250,00 евра, потоа ја намали на 1.497.900,00 евра, за да конечната понуда се дефинира на 1.487.900,00 евра.

Комисијата заклучи дека сите забелешки се прифатени од страна на авторот и препорачува на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ја прифати понудата бр. 08-3324/4 од 19.12.2008 година, во износ од 1.487.900,00 евра со рок на релизација од 24 месеци, и со авторот Валентина Стевановска да потпише Договор за изработка на идеен проект и изработка на модели на скулптури и релјефи.

Записничар
Елена Спасовска

Претседател на Комисијата
за јавни набавки
Ратко Савовски